Врз основа на член 27 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12 и 145/12), министерот за здравство донесе

# У П А Т С Т В О
# ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ КАЈ ДЕТЕ СО ПРУРИТУС

## Член 1

Со ова упатство се пропишува медицинско згрижување преку практикување на медицина заснована на докази при постоење на дете со пруритус.

## Член 2

Начинот на медицинско згрижување на дете со пруритус е даден во прилог, кој е составен дел на ова упатство.

## Член 3

Здравствените работници и здравствените соработници ја вршат здравствената дејност на медицинско згрижување на дете со пруритус по правило согласно ова упатство.

По исклучок од став 1 на овој член, во поединечни случаи по оценка на докторот може да се отстапи од одредбите на ова упатство, со соодветно писмено образложение за причините и потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на згрижувањето, при што истото од страна на докторот соодветно се документира во писмена форма во медицинското досие на пациентот.

## Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-6589/2 **МИНИСТЕР**

3 декември 2012 година **Никола Тодоров**

Скопје ____________________

Прилог

# ДЕТЕ СО ПРУРИТУС

МЗД Упатство
23.6.2010


- Најчести причини
- Третман
- Поврзани извори
- Референци


## НАЈЧЕСТИ ПРИЧИНИ

**Атописки дерматит**
- Сува кожа со чешање.
- Чешањето може да биде генерализирано или може да се јавува само на егзематозни промени на кожата.
- Ефективен тописки третман со хидрокортизон и/или инхибитор на калцинеурин како и користење овлажнувачи ја намалуваат егземата и чешањето.

**Уртикарија**
- Уртики што чешаат се јавуваат на трупот, екстремитетите и на лицето.
- Симптомите, обично, почнуваат нагло. Кај деца, инфекциите се најчеста причина за акутна уртикарија.
- Кај деца за време на уртикаријата може да се користи антихистаминик во доза одредена според тежината на дете.

**Скабиес - индуцирана егзема**
- Секогаш чеша.
- Папуларни или папуловезикуларни промени.
- Ако се бараат, често се наоѓаат каналчиња, особено на дланките и на стапалата.
- Лезиите лесно прогредираат во красти.
- Големи булозни промени упатуваат на секундарна бактериска инфекција.

**Вошки**
- Доведува до чешање и до црвени папули на скалпот
- Дијагноза се поставува врз основа на видливи вошки и јајца на влакната на косата.

**Ентеробиосис**
- Предизвикува перианално чешање.
- Симптомите се особено изразени ноќе и може да го нарушат спиењето така што детето се буди.

**Стрептококен перианален дерматит**
- Освен чешање, има и интензивно црвенило на кожата во перианалниот регион, како и болка.

***Варичела***
- Исип што чеша.
- Папули и везикули во различни фази се гледаат на кожата.
- На кожната ерупција  претходи покачена температура.

- Чешањето прекинува по една недела од исчезнувањето на исипувањето.
- Раствори на ментол-алкохол може да се користи за ладење на кожата што чеша и е топла.

**Други причини**

- Алергија или пречувствителност може да се манифестира само со чешање. Познати причини вклучуваат цитрусно овошје, свежи јагоди, какао.
- Во летните месеци чешањето може да се должи на пречувствителност на сонце.
- ***Mastocytosis*** (urticaria pigmentosa) е ретко заболување што предизвикува чешање.

## ТРЕТМАН

- Зависи од етиологија.
- Внимателен третман на постојната болест (атописки дерматит или скабиес).
- Овлажнувачи за сува кожа ако е потребно.
- Антихистаминиците не се покажаа корисни за чешање кај атописка кожа.

## ПОВРЗАНИ ИЗВОРИ

## РЕФЕРЕНЦИ


1. Chamlin SL, Mattson CL, Frieden IJ, Williams ML, Mancini AJ, Cella D, Chren MM. The price of pruritus: sleep disturbance and cosleeping in atopic dermatitis. Arch Pediatr Adolesc Med 2005 Aug;159(8):745-50. **PubMed**



Authors: Teija Dunder


Article ID: ebm00649 (031.046)


© 2012 Duodecim Medical Publications Ltd


**2. EBM Guidelines, www.ebm-guidelines.com, 23.6.2010**
**3. Упатството треба да се ажурира еднаш на 6 години.**
**4. Предвидено следно ажурирање 2016 година.**